**20203034158**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9, член 25 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/2016 и 171/2017 „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2020 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија број 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 187/2016, 146/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 44/2019, 198/2019, 63/2020 И 202/2020), во членот 59 се додава нов став 5 кој гласи:

„За време на вонредни услови, кризни состојби, епидемии и пандемии на заразни болести, избраниот лекар од дејноста општа медицина, заради следење на здравствената состојба на осигурени лица заболени од COVID 19, издава упат ЛУ1-COVID-19 за утврдување на вредностите на биохемиските лабораториски здравствени услуги.“

Ставот 5 на членот 59 станува став 6.

Во ставот 6 кој станува став 7 на членот 59, по зборот “ЛУ1-в“ се додаваат зборовите “ЛУ1-COVID-19“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-15257/1
2 декември 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Дејан Николовски,** с.р.